ПОУ „Д-р Златан Сремец" - Скопје
ул. Емил Зола бр. 5, општина Кисела Вода
е-пошта: zlatansremec@yahoo.com, тел. бр.: 02 277 0446

# Кодекс за следење на настава на далечина

Во рамките на наставата, кога таа се случува во училница или онлајн, учениците и наставниците заеднички придонесуваат кон создавање на атмосферата за учење. Во тие услови, сите имаат свои задачи, обврски и предизвици.

За ефикасно функционирање на онлајн наставата наставниците и учениците подеднакво треба да почитуваат одредени правила кои се содржани во овој Кодекс:

1. Наставниците и учениците ќе комуницираат и ќе разменуваат материјали за онлајн учење при што ќе се формира атмосфера која ќе ги мотивира учениците во онлајн учењето.
2. **Процедура:** Учениците треба да ги извршуваат задачите самостојно во рамките на своите можности и способности, при што неопходно е да бидат мотивирани и посветени на онлајн учењето.
3. **Рутина:** Се препорачува снимениот материјал за учење да се објавува по однапред зададен распоред, врз основа на кој ќе се придржува секој наставник и ученик.
4. **Платформа:** Сите одделенија треба да ја користат националната платформа и формите на онлајн комуникација (е-пошта, Viber, Messinger) како метод за комуникација и размена на материјали.
5. **Структура на онлајн предавања:** Структурата на онлајн предавањата треба да биде транспарентна со јасно поставени цели на учење.
6. **Прашања:** Наставниците е потребно да одредат време за прашања поврзани со онлајн учењето и консултации за истото и истото меѓусебно да се почитува.
7. **Пристапност:** Наставниците и учениците треба да обезбедат меѓусебна пристапност на материјалите кои ги разменуваат онлајн.
8. **Фидбек:** На дневна основа родителите треба да испраќаат слики од сработениот материјал на ученикот.

**Ве молиме придржувајте се до Кодексот за следење на настава на далечина.**

Директор
/Марија Делетиќ/